**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 135/8**
**Скопје, 20.02. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица за 2005 година, кои се прикажани на страните од 6 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струмица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Кирил Јанев, Градоначалник на општина Струмица, до 20.03.2005 година и
-Зоран Заев, Градоначалник на општина Струмица од 21.03.2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 27.11. до 06.12.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена  во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 03 – 603/2 од 14.02.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Буџетот на општина Струмица од градоначалникот на општина Струмица. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.1.1. делумно се прифаќаат во делот на препораката под алинеја 1, наодот останува и во конечниот извештај и е наод 11.1.1.
- забелешките на точка 10.1.3. не се прифаќаат и наодот останува и во конечниот извештај и е наод 11.1.3. .
- забелешките на точка 14 делумно се прифаќаат бидејќи во текот на ревизијата не ни беа презентирани банкарските гаранции од понудувачите, а истите во прилог на забелешките се доставени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

11.1.1. Во општина Струмица присутна е пракса плаќањето на дел на побарувањата за надоместок за уредување на градежно земјиште да се врши на рати, без да се обезбедат инструменти за обезбедување на плаќањето, што е спротивно на Програмата за уредување на градежното земјиште со која не е предвиден таквиот начин на плаќање во 2005 година. Со склучување на договор за плаќање на рати се издава  Одобрение за градење што како појава е присутно и во претходниот период, при што се плаќа првата рата а за останатите рати не се обезбедуваат иструменти за обезбедување на плаќањето што влијае на навремената наплата на побарувањата по овој основ.  На 31.12.2005 година, општина Струмица има евидентирано ненаплатени побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште во износ 28.385 илјади денари. Непочитувањето на законските прописи и интерните акти влијае на висината на остварените приходи. Со Програмата за 2006 година предвидено е градоначалникот да може да одобрува плаќање на комуналии на рати поради тоа ревизијата за тој дел од  наодот не дава препорака.
**Препорака:**
Да се обезбедуваат инструменти како гаранција на побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште кои се плаќаат на рати.

11.1.2. За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност, надоместокот се пресметува во помал износ, што не е во согласност со износот кој е утврден со Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, а е резултат на непридржување кон истата. Ваквиот начин на работа доведува до нереално утврдување на побарувањата од обврзниците по овој основ и до нереални приходи.

Ревизијата по овој наод не дава препорака од причина што во 2006 година оваа состојба е надмината.

11.1.3. При утврдување на пазарната вредност на недвижен имот – згради и земјишта, како основа за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности, макролокацијата како дополнителен елемент за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот – згради и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјиштата не се пресметуваат согласно предвидените зони и локалните услови што е спротивно на одредбите од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Причина за тоа е погрешното толкување на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Нереално утврдените побарувања на данокот доведува до помалку остварени приходи по овој основ.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

11.1.4. Во периодот од 2002 до 2005 година, општината има издадено деловен простор под закуп на правни лица, без да спроведе постапка на јавно надавање, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Неспроведувањето на постапките за јавно наддавање согласно законските прописи создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за остварување на помали приходи.
**Препорака:**
Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за локална самоуправа, односно издавањето под закуп на недвижностите да се врши на транспарентен начин, по пат на јавно надавање, со можност за учество на повеќе заинтересирани страни.

**11.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

11.2.1. Не се евидентирани побарувањата по основ на данок на имот кој се плаќа за недвижен имот и по основ на комунална такса за истакната фирма. Не евидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е тоа што со превземањето на надлежностите и податоците од Управата за јавни приходи за овој вид на побарувања, не е извршено разграничување на истите помеѓу општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село. Како резултат на тоа се јавуваат нереални податоци во сметководството и финансиските извештаи по годишната сметка за 2005 година и немање на податоци за состојбата на износите на ненаплатените побарувања по овие основи.
**Препорака:**
Надлежните органи во општина Струмица да воведат евиденција за овој вид на побарувања со цел да ја следат нивната состојба и да превземаат соодветни мерки за наплата на побарувањата по овој основ.

11.2.2. Општина Струмица како закуподавач во периодот од 2001 до 2004 година има склучено договори за закуп на деловен простор. Дел од договорите за закуп не се обновени, односно во истите нема правна основа за наплата на евентуално заостанати и неподмирени обврски од страна на закупопримачот, како суштествени елементи на договорот, што е спротивно на Законот за облигациони односи, а е резултат на непридржување кон истиот. Со тоа не се создадени механизми за заштита од евентуално непочитување на обврските од страна на закупопримачот.
**Препорака:**

Надлежните служби да покренат постапка за склучување на нови договори за издавање под закуп на општинскиот имот согласно важечките законски прописи и Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите на општина Струмица број 07-1346/1 од 23.06.2005 година.

12. Според наше мислење, освен заизнесеното во точките 10.1. и 10.2.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Струмица на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Струмица остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Буџетот на општина Струмица во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

14.1.1. Состојбата на Побарувања од закупнина за издаден деловен простор и состојбата на Пасивни временски разграничувања во книговодството и во Билансот на состојба на 31.12.2005 година е потценета за износ од 24 илјади денари поради погрешна пресметка на износот на закупнината, што е спротивно на одредбите од склучените договори за издавање на деловен простор под закуп, а е резултат на непридржување кон истите. По препорака од ревизијата, од страна на надлежните во општина Струмица состојбата на овие сметки е корегирана и истата е искажана во реални износи согласно договорените износи на закупнина.

**15. Обелоденување**

Ревизијата цени дека е потребно да го обелодени следниот настан:

Советот на општина Струмица во 2006 година има донесено Одлука за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица број 07-862/1 од 09.02.2006 година со која е усвоен идејниот проект за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица. Одлучено е постапката за тоа во име на ЈПКД „Комуналец„ Струмица да ја спроведе општина Струмица како организатор, да избере соинвеститор за реконструкција и надградба на Градскиот пазар по пат на јавен тендер, по избор на соинвеститор да спроведе постапка за начинот на решавање на имотно-правните односи и времено до завршување на објектот да го дислоцира постоечкиот пазар.
На основа одлуката од Советот на општина Струмица објавен е Јавен тендер за избор на соинвеститор за реконструкција и надградба на градско пазариште во Струмица кој бил објавен во дневниот печат, во Утрински весник на 24.02.2006 година.
Тендерска документација подигнале четири субјекти од кој три правни и едно физичко лице, од кој две правни лица имаат доставено понуди и тоа „ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица и „Камбитов и Син„ ЕООД од Благоевград Република Бугарија.
Со увид во доставената тендерска документација ревизијата констатира дека истата не е целосна поради тоа што кај понудата на „Камбитов и Син„ ЕООД од Благоевград нема ревизорски извештај, референтна листа и целокупната документација е на бугарски јазик без превод на македонски јазик. Од страна на надлежните во општина Струмица не е побарано од понудувачите да ја докомплетираат документацијата. Спротивно на член 47 од Законот за јавни набавки, пристапено е кон евалуација на доставената документација без комплетна документација од најмалку двајца понудувачи. За најповолна е рангирана понудата на „ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО

Струмица и со одлука број 08-1072/6 од 17.05.2005 истиот е избран за најповолен понудувач и за соинвеститор за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица. Со истиот е склучен договор за соинвеститорство и заедничка градба број 03-4042/1 од 27.06.2006 година во кој се регулирани правата и обврските на соинвеститорите.

Изградбата на објектот е обврска на соинвеститорот „ДЕ-ЛУКС Инжинеринг„ ДОО Струмица кој има обврска да го плати на општината и надоместокот за уредување на градежното земјиште кој е пресметан во вкупен износ од 65.839 илјади денари. Во врска со надоместокот за уредување на градежното земјиште од страна на општината е издадено Решение број 17-2047/2 од 23.11.2006 година на износ од 48.164 илјади денари за изградба на ламела 1,2 и 3 и Договор број 16-2047/2 од 23.11.2006 година со кој е регулирано овој износ да биде платен на 20 месечни рати и тоа 1.000 илјада денари веднеш и другите рати од по 2.483 илјади денари од 01.12.2006 до 01.06.2008 година и Решение број 17-2047/1 од 23.11.2006 година на износ од 17.675 илјади денари за изградба на ламела 4 и Договор број 16-2046/2 од 23.11.2006 година со кој е регулирано износот на надоместокот да биде платен на 19 месечни рати од по 930 илјади денари од 01.12.2006 до 01.06.2008 година. За плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати нема обезбедено инструмент – банкарска гаранција. Одобрението за градење на ламела 1,2 и 3 е издадено на 18.07.2006 година пред да биде регулиран начинот на плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште што е спротивно на Законот за градење.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на ЕЛС СТРУМИЦА 2005**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 68,706 | 43,829 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 8,819 | 12,699 |
| Капитални приходи | 3.3. | 78 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 40,459 | 28,833 |
| **Вкупно приходи** | | **118,062** | **85,361** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 18,623 | 13,550 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 31,098 | 18,641 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.5.3. | 351 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 1,739 | 7,330 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 43 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **51,854** | **39,521** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.6.1. | 56,978 | 43,331 |
| **Вкупно расходи** | | **108,832** | **82,852** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **9,230** | **2,509** |

**Буџет на ЕЛС СТРУМИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 9,230 | 2,509 |
| Побарувања | 4.1.2. | 29,041 | 19,950 |
| **Вкупно тековни средства** | | **38,271** | **22,459** |
| **Вкупна актива** | | **38,271** | **22,459** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 38,271 | 22,459 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **38,271** | **22,459** |
| **Вкупна пасива** | | **38,271** | **22,459** |